РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 03.06.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 3800/1 | 0 | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриски- зелени зони, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Горѓија Сајкоски
Бојан Стојаноски
Ели Пановска
Мартин Бојановски
Жан Дрвошанов
Јулија Петковска
Билјана Кузманоска
Игор Здравковски
Тони Јаневски

Предлагач: Група пратеници

Предлог на закон
за изменување и дополнување на Законот за индустриски-зелени зони, по скратена постапка

Скопје, јуни 2026 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за индустриски-зелени зони („Службен весник на Република Македонија бр.119/13, 160/14, 173/15, 192/15 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/26) се уредуваат условите и начинот за основање, управување и работење со индустриските и зелените зони, дејностите кои се вршат во индустриските и зелените зони, условите за нивно вршење, како и престанокот на работа на индустриската и зелената зона, отуѓувањето на земјиштето и обврските на сопственикот на дел од земјиштето и сопственикот на цела зона кои ќе вршат дејност во зоната. Исто така, се уредува и постапката за трансформација на технолошко индустриска развојна зона во индустриска зона.

Целта на предложените измени на Законот за индустриски-зелени зони е да се овозможи трансформација на постојните технолошко-индустриски развојни зони (ТИРЗ) во индустриски-зелени зони, да се обезбеди континуитет во нивното функционирање и да се овозможи поголемо учество на локалната самоуправа во управувањето и развојот на зоните.

Со измените се воведува можност индустриско-зелена зона да се формира преку трансформација на ТИРЗ, при што постојната урбанистичка документација, инфраструктура и опфат на зоната продолжуваат да важат. Се уредува дека трансформираната зона ќе продолжи да функционира како индустриска зона согласно Законот за индустриски-зелени зони. Дополнително, се воведува оператор на индустриска зона кој ќе биде надлежен за управување, одржување и развој на зоната и обезбедување инфраструктура и услуги за инвеститорите. Се предвидува оператор да може да биде Дирекцијата за ТИРЗ или единицата на локалната самоуправа. Со измените се уредува и прашањето на управување и отуѓување на земјиштето во зоните, при што се овозможува и општините, со одлука на Владата, да располагаат со земјиштето во трансформираните зони. Исто така, се предвидува постојните права и обврски на инвеститорите и корисниците во ТИРЗ да продолжат да важат и по трансформацијата на зоната, со цел обезбедување правна сигурност и непречено продолжување на инвестициите

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на предложените измени на Законот за индустриски-зелени зони е да се овозможи трансформација на постојните технолошко-индустриски развојни зони (ТИРЗ) во индустриски-зелени зони, да се обезбеди континуитет во нивното функционирање и да се овозможи поголемо учество на локалната самоуправа во управувањето и развојот на зоните.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриски-зелени зони не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

Предлог на закон
за изменување и дополнување на Законот за индустриски-зелени зони

Член 1

Во Законот за индустриски-зелени зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.119/13, 160/14, 173/15, 192/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/26) по член 5 се додава нов член 5-а, кој гласи:

,,Член 5-а

(1) Зона може да се формира и со трансформација на технолошко-индустриска развојна зона, согласно одредбите од Законот за индустриски-зелени зони.
(2) Условите за основање на зоната од член 5 став (1) алинеја 2 од Законот за индустриски-зелени зони, до границите на зоната во случај кога индустриско-зелена зона е формирана со трансформација на технолошко-индустриска развојна зона, ги обезбедува Владата на Република Северна Македонија, односно единицата на локалната самоуправа на чие подрачје е основана зоната согласно одлуката донесена од Владата на Република Северна Македонија утврдена во член 11-а став (2) од овој Закон.”.

Член 2

Во член 11-а во став (2), по точката 4) се додава нова точка 5), која гласи:
„5) оператор на индустриска зона кој ќе врши управување, одржување, развој и унапредување на зоната, како и обезбедување на комунална, енергетска, сообраќајна и друга инфраструктура и услуги за инвеститорите во зоната. “.

Ставот (4) се менува_се менува и гласи:

“Со денот на влегувањето во сила на одлуката за трансформација, технолошко-индустриската развојна зона го губи статусот на технолошко-индустриска развојна зона и продолжува да функционира како индустриска зона согласно овој закон.

По ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:

Подрачјето и опфатот на зоната и донесениот урбанистички план или одобрената Урбанистичка планска, односно проектна документација за Технолошко индустриската развојна зона која се трансформира, продолжуваат да важат за индустриската зона што се основа.”.

Член 3

Во член 12 ставот (3) се менува_се менува и гласи:

„ Со зоната трансформирана од технолошко индустриска развојна зона во индустриска зона, оператор на индустриска зона може да биде Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони или единицата на локалната самоуправа на чие подрачје се основа зоната, согласно одлуката донесена од Владата на Република Северна Македонија утврдена во член 11-а став (2) од овој Закон.

Поставот (6) се додава нов став (7)

„(7) Начинот, условите и постапката за преземање на управувањето со трансформираната зона, меѓусебните права и обврски помеѓу основачот на зоната и операторот кога оператор со трансформираната зона ќе биде единицата на локална самоуправа, се уредуваат со договор склучен помеѓу Владата и единицата на локалната самоуправа на чие подрачје се основа зоната. “.

Член 4

Во член 14 ставот (1) се менува и гласи:

,,Земјиштето во рамките на зоната кога основач на зоната е единицата на локалната самоуправа го отуѓува единицата на локалната самоуправа, а кога основач на зоната е Владата на Република Северна Македонија како и при трансформација на технолошко индустриска развојна зона во индустриска зона, земјиштето во рамки на зоната го отуѓува Министерството за транспорт. “.

По ставот (6) се додава нов став (7) кој гласи:

,,(7) По исклучок на став (1) од овој член, во случај на трансформација на технолошко индустриска развојна зона во индустриска зона, кога оператор на индустриска зона ќе биде единицата на локалната самоуправа на чие подрачје се основа зоната, со претходна одлука на Владата на Република Северна Македонија земјиштето во рамките на зоната може да го отуѓува единицата на локалната самоуправа на чие подрачје се основа зоната согласно одредбите од овој Закон. ”.

Член 5

Со денот на трансформацијата на технолошко-индустриската развојна зона во индустриска зона, постојните права и обврски преземени согласно прописите за технолошко-индустриски развојни зони останувaат во сила до истекот на рокот за кој се стекнати, освен ако со закон поинаку не е определено.

Инфраструктурата, објектите и другите средства во трансформираната зона можат да бидат дадени на користење, управување или одржување на единицата на локалната самоуправа, согласно закон и договор.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНДУСТРИСКИ ЗЕЛЕНИ ЗОНИ

### I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриски-зелени зони е систематизиран во 6 члена и има за цел да овозможи трансформација на технолошко-индустриските развојни зони во индустриски-зелени зони, како и да се уредат условите, управувањето и надлежностите поврзани со таквата трансформација.

Со членот 1 се додава нов член 5-а со кој се уредува можноста индустриско-зелена зона да се формира преку трансформација на постојна технолошко-индустриска развојна зона. Дополнително се утврдува дека условите за основање на зоната до нејзините граници ги обезбедува Владата на Република Северна Македонија или единицата на локалната самоуправа, согласно одлука на Владата. Целта на измената е да се создаде правна основа за трансформација на постојните ТИРЗ во индустриски-зелени зони и да се овозможи нивно понатамошно функционирање согласно новиот концепт на развој.

Со членот 2 се врши дополнување на членот 11-а став (2), при што се додава нова точка со која се предвидува определување оператор на индустриска зона кој ќе врши управување, одржување, развој и унапредување на зоната, како и обезбедување инфраструктура и услуги за инвеститорите. Се утврдува дека меѓусебните права и обврски помеѓу основачот и операторот ќе се уредуваат со договор. Исто така, се менува ставот (4) со кој се утврдува дека со влегувањето во сила на одлуката за трансформација, технолошко-индустриската развојна зона го губи својот статус и продолжува да функционира како индустриска зона согласно Законот за индустриски-зелени зони. Воедно се предвидува дека подрачјето, опфатот и урбанистичката документација на постојната ТИРЗ ќе продолжат да важат и за трансформираната зона. Целта на измените е да се обезбеди континуитет во функционирањето на зоните и јасно уредување на управувањето со нив.

Со членот 3 се врши измена на членот 12, со која се уредува дека оператор на индустриска зона формирана со трансформација на ТИРЗ може да биде Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони или единицата на локалната самоуправа на чие подрачје се наоѓа зоната. Дополнително се предвидува дека условите и постапката за преземање на управувањето од страна на единицата на локалната самоуправа ќе се уредуваат со договор склучен помеѓу Владата и општината. Целта е да се овозможи децентрализирано управување со зоните и вклучување на локалната самоуправа во нивното управување и развој.

Со членот 4 се менува членот 14 став (1), при што се уредува кој орган ќе го отуѓува земјиштето во рамките на зоната. Се предвидува дека кога основач на зоната е

единицата на локалната самоуправа, земјиштето ќе го отуѓува општината, а кога основач е Владата или кога станува збор за трансформирана ТИРЗ, земјиштето ќе го отуѓува Министерството за транспорт. Дополнително се додава нов став со кој се предвидува можност, по претходна одлука на Владата, земјиштето во трансформираната зона да го отуѓува и единицата на локалната самоуправа. Целта е пофлексибилно управување со земјиштето и поголема улога на локалната самоуправа во развојот на зоните.

Со членот 5 се уредува дека со денот на трансформацијата на ТИРЗ во индустриска зона, постојните права и обврски стекнати согласно прописите за технолошко-индустриски развојни зони продолжуваат да важат до истекот на рокот за кој се стекнати, освен ако со закон поинаку не е определено. Исто така, се предвидува инфраструктурата, објектите и другите средства во трансформираната зона да можат да бидат дадени на користење, управување или одржување на единицата на локалната самоуправа согласно закон и договор. Целта е да се обезбеди правна сигурност и непречено продолжување на работењето на инвеститорите и зоните по нивната трансформација.

Со членот 6 се уредува влегувањето во сила на законот со денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## I. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој Предлог на закон се меѓусебно поврзани.

## II. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Целта на предложените измени на Законот за индустриски-зелени зони е да се овозможи трансформација на постојните технолошко-индустриски развојни зони (ТИРЗ) во индустриски-зелени зони, да се обезбеди континуитет во нивното функционирање и да се овозможи поголемо учество на локалната самоуправа во управувањето и развојот на зоните.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИНДУСТРИСКИ-ЗЕЛЕНИ ЗОНИ, КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ ИЛИ ДОПОЛНУВААТ

**Услови за основање на зона**
**Член 5**

(1) Зоната се основа ако:
- е донесена соодветна урбанистичко-планска документација согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање,
- се обезбедени просторни, енергетски, технички и други услови за вршење на дејност во зоната и
- основачот на зоната има обезбедено средства за основање на зона.

(2) Условите за основање на зоната од ставот (1) алинеја 2 на овој член до границите на зоната во случај кога основач на зоната е единицата на локалната самоуправа ги обезбедува единицата на локалната самоуправа.

(3) Условите за основање на зоната од ставот (1) алинеја 2 на овој член до границите на зоната во случај кога основач на зоната е Владата на Република Македонија ги обезбедува Владата на Република Македонија.

**Постапка за трансформација на технолошко индустриска развојна зона во индустриска зона**
**Член 11-а**

(1) Владата на Република Македонија може на предлог на Дирекцијата со одлука да ја трансформира технолошко индустриска развојна зона во индустриска зона, доколку за зоната не е склучен договор за јавно приватно партнерство.

(2) Одлуката од став 1 од овој член особено содржи:
1) период за кој се основа зоната
2) дејностите што се вршат во зоната
3)назив на основачот;
4) назив на зоната.

(3) Одлуката од став (1) на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

(4) Подрачјето и опфатот на зоната и донесениот урбанистички план или одобрената Урбанистичка планска, односно проектна документација за Технолошко индустриската развојна зона која се трансформира, продолжуваат да важат за индустриската зона што се основа.

**Оператор на зона**
**Член 12**

(1) Со зоната основана од единицата на локалната самоуправа како оператор управува јавно претпријатие, односно трговско друштво основано од основачот на зоната.

(2) Со зоната основана од Владата на Република Македонија како оператор управува Дирекцијата односно Министерството за економија и труд за зони за кои е склучен договор за јавно приватно партнерство.

(3) Со зоната трансформирана од технолошко индустриска развојна зона во индустриска зона согласно одлука донесена од Владата на Република Македонија како оператор управува Дирекцијата.
(4) Операторот на зоната од ставот (1) на овој член не може да се занимава со друга дејност освен со дејноста оператор на зона.
(5) Операторот на зоната од ставовите (1) и (2) на овој член со одлука ги утврдува:
- организационите и техничките услови за вршење на дејност во зоната,
- работното време на зоната,
- обврските за обезбедување на просторни, технички и организациски услови за користење на зоната,
- мерки за заштита на работа во зоната и
- мерки за заштита на животната средина, права и обврски на сопственикот на дел од зона и сопственикот на цела зона.
(6) Операторот на зоната од ставовите (1) и (2) на овој член, актите од ставот (4) на овој член ги доставува заради добивање согласност до основачот на зоната.

**Постапка за отуѓување на земјиште по пат на јавно наддавање**
**Член 14**

(1) Земјиштето во рамките на зоната кога основач на зоната единицата на локалната самоуправа го отуѓува единицата на локалната самоуправа, а кога основач на зоната е Владата на Република Македонија, земјиштето во рамки на зоната го отуѓува Министерството за транспорт.
(2) Постапката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на јавно наддавање се спроведува согласно со одредбите од овој закон, со електронско јавно наддавање (во натамошниот текст: јавно наддавање) и истата ја спроведува Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање (во натамошниот текст: Комисијата), формирана од страна на градоначалникот на единицата на локалната самоуправа, односно Министерството за транспорт.
(3) Постапката за отуѓување започнува со претходно дадена објава во:
- најмалку три дневни весници на минимум половина страница кои се издаваат на македонски јазик, а излегуваат најмалку три месеци пред денот на објавувањето на објавата и
- еден дневен весник кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик во општините, општините во градот Скопје и градот Скопје на чие подрачје се наоѓа градежното земјиште предмет на објавата, а излегува најмалку три месеци пред денот на објавувањето на објавата.
(4) Објавата од ставот (3) на овој член може да биде дадена и во странски печатен весник.
(5) Објавата од ставот (3) на овој член ја изготвува и ја дава за објавување Комисијата по претходно добиена согласност од основачот.
(6) Опремата (хардверот и софтверот) за електронското јавно наддавање треба да ги исполнува минималните технички стандарди и услови во поглед на

опремата, како и функционалноста на софтверот за електронско јавно наддавање, кои ги пропишува Владата на Република Македонија согласно со Законот за градежното земјиште.